ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1945/1
11-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 08-2568/1 од 30.09.2024 година, за лицето _______, декан на __________ при Универзитетот ____________, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-2568/1 од 30.09.2024 година е оформен по електронска пријава од страна на непознат подносител.

Пријавата се однесува за проверка на имотната состојба на лицето __________, декан на __________ при Универзитетот _______________.

Согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.

Согласно член 2 став 1 од Статутот на Универзитетот ___________, Универзитетото е независна приватно - јавна непрофитна високообразовна организација која остварува јавен интерес, чија сопственоста е на _____________ и ___________________________ и истат е утврдена од Тековна состојба бр.0805-50/150020240351876 од 08.10.2024 година.

Имајќи го во предвид претходно наведеното ДКСК констатира дека лицето кое е предмет на пријавата не е службено лице.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** К.Б, Соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор